Посета на амбасадорот Филип Рикер на Хај-Тек Корпорацијата
20 јули, 2010

Амбасадорот Рикер: Ми претставува задоволство што сум тука денес во посета на Хај-Тек Корпорацијата. Јас сум неверојатно импресиониран од тоа што го видов тука. Би сакал да им се заблагодарам на г-динот Саво Станкович, и на неговиот син Милан, што не примија и ни ја презентираа нивната компанија. Оваа компанија наскоро ќе ја прослави својата 30-та годишнина. Ова е македонска компанија и претставува добар пример за успешна глобализација. Тие презеле еден уникатен процес на пазарот, што самите го измислиле, а тоа е дизајнирање и развој на електронски плочки, кои се клуч на модерната технологија и се дел од глобалната економија која расте со неверојатна брзина. Тие инвестирале во технологија произведена во САД, ја донеле тука и ја комбинирале со својата вештина за претприемништво, и со своето знаење и способности. Денес тие имаат над сто вработени и снабдуваат некои од најголемите компании во Европа и Америка, исто така имаат контакти и во Азија – тие навистина се модел за тоа каква треба да биде една корпорација во 21-иот век и компанија што се бави со хај-тек бизнис. Повторно би сакал да нагласам дека ми претставува задоволство што го посетивме Хај-Тек и би сакал и понатаму да останеме во контакт.

Како што можеби знаете, претседателот Обама се фокусира на иницијативите за извоз, кои се дел од напорите за да се олесни глобалната финансиска и економска криза. Извезување на технологија и пракса од САД во другите земји, вклучувајќи ја и Македонија, каде што истите се употребуваат и така добиваат поголема вредност, ни помага на сите нас. Сите имаме полза од поставувањето на една нова и посилна основа врз која бизнисите можат да одат напред, да создаваат работни места и да ги зголемат приходите, како и да ги користат иновациите и претприемништвото; јас знам дека сето ова го има во Македонија. Очигледно, една компанија како Хај-Тек го пронашла успехот тука, но секако дека треба повеќе да се направи за да се создаде понова и посилна основа за бизнисот во Македонија. Ова отсекогаш бил приоритет на нашата Амбасада и, се разбира, се почнува со членството во НАТО и членството во ЕУ. Разговаравме за огромните можности за проширување на бизнисот откако Македонија ќе и се придружи на Европската Унија, и што тоа ќе значи во смисол на повеќе инвестиции, и најважното – повеќе вработувања, зголемување на продуктивноста и пристапот до пазарите во Европа. Ние сакаме да ја видиме Македонија како се движи напред во таа насока и ова е добар модел за тоа каква треба да биде економијата во 21-иот век во Македонија. Ви благодарам.

Прашање: Амбасадоре, го спомнавте членството на Македонија во НАТО. Ние знаеме дека постои пречка на тој пат. Дали гледате можност за решение до крајот на оваа година? Освен тоа, имаше информации дека Вашингтон е посредник меѓу двете земји.

Амбасадорот Рикер: Вашингтон не игра улога на посредник во ниедна ситуација. Вие ја знаете нашата позиција. Ние веруваме дека постои решение за проблемот со кој се соочува Македонија. Тој треба да се реши. Ние веруваме дека Македонија и Грција се способни да го направат тоа, и навистина постои можност тоа да се реши брзо. Истото го повторувам со месеци. Потребна е волја, напори, потребна е креативност и храброст за да се постигне решение и верувам дека тоа може да се направи. Саво и јас разговаравме денес за тоа што го претвори Хај-Тек во успешна приказна, а тоа е брзината. Тоа е нивната способност да се соочат со проблемот, да го решат проблемот за клиентите и брзо да го вратат производот назад кај клиентот. Тоа е тоа што треба да

се случи во оваа ситуација. Сега е време брзината да се претвори во фактор за мотивација за да се реши ова и да се оди напред. Тука гледаме добар пример на технологијата, економијата, начинот на функционирање, производството, високата технологија, создавањето на нови работни места типични за 21-иот век – ова е тоа на што се сведува НАТО и ЕУ. Се работи за безбедност и просперитет, навистина се работи за 21-иот век и време е да се оди напред. Веќе една деценија сме во 21-иот век, да продолжиме понатаму.

Прашање: Како амбасадор на САД имате преглед на ова прашање. Дали мислите дека постои вистинска волја во Македонија за да се реши ова прашање?

Амбасадорот Рикер: Цело време слушам од луѓето дека сакаат ова прашање да го остават зад нив, сакаат да се движат напред, сакаат да бидат во НАТО, тие сакаат да се движат напред кон членството во ЕУ поради предностите што членството ги обезбедува за нив, нивните семејства, следните генерации, поради бенефициите што ќе се обезбедат за самата земја. Јас верувам дека постои волја. Таа волја е несомнено тоа за кое сме работеле заедно, тоа што САД го поддржува и што била, и продолжува да биде, наша цел за Македонија.

Прашање: Што ако не се реши прашањето за името?

Амбасадорот Рикер: Тоа е прашање за вас. Ова е ваша земја. Вие знаете што треба да направите за да се движите напред, и се разбира, како што реков, тоа треба да се направи што е можно побрзо. Благодарам.

###